Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 23, 17 јуни 2009 година

јуни 2009 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, за наставно-научната област градинарство и цвеќарство ........ 3

**МИСЛЕЊЕ** по извештајот од претседателот на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, за наставно-научната област градинарство и цвеќарство ........ 5

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП, ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАДИНАРСТВО И ЦВЕЌАРСТВО**

Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на седницата одржана на 25.3.2009 година, со Одлука бр. 1802-77/10, формира Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област ***градинарство и цвеќарство*** на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На распишаниот Конкурс, објавен во весникот „Дневник“ на 26.2.2009 година, за звањето доцент се пријави д-р Микица Чавдарова, научен соработник во Институтот за јужни земјоделски култури, сега Земјоделски факултет - Штип.

Врз основа на поднесената документација, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет да му го однесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Микица Чавдарова** е родена на 24 октомври 1961 година во с. Старо Балдовци – Струмица. Основно и средно образование завршува во Струмица. На Земјоделскиот факултет во Скопје се запишува во учебната 1980/1981 година, а дипломира во 1985 година. На постдипломски студии, група Градинарство се запишува во учебната 1987/1988 година, а магистрира со среден успех 8,23 на тема *„Карактеризација на некои автохтони популации пиперки (Capsicum annum L.) во Струмичко“*. Докторира во 2003 година на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на тема *„Варијабилност на застапената пиперка тип капија (Capsicum annum L.) во Р. Македонија“*.

За *помлад асистент* на Институтот за земјоделство - Струмица е избрана во септември 1988 година. Во 2000 година е избрана во звање *асистент-истражувач* на Институтот за јужни земјоделски култури, а во 2003 година е преизбрана во истото звање на Одделението за генетика и селекција при Институтот за јужни земјоделски култури во Струмица. Со здобивање на степенот *доктор на науки*, на 19.4.2004 година е избрана во звање *научен соработник* на Институтот за јужни земјоделски култури.

Во 2002 година посетува курс од I степен англиски и се здобива со основни знаења.

***Научна и стручна дејност***

Кандидатката д-р Микица Чавдарова од вработувањето во Институтот за земјоделство – Струмица (подоцна Институт за јужни земјоделски култури) до пријавувањето на Конкурсот за избор во звање доцент покажува одредени активности.

***Учество во научноистражувачки проекти***

Д-р Микица Чавдарова учествува во реализација на следниве научноистражувачки проекти:

– Инвентаризација и одржување на генофондот од градинарски и цвеќарски видови во Р. Македонија, финансиран од Министерството за наука на Р. Македонија, 1994-1996 година;
– Подобрување на сортните одлики на пиперката *куртовска капија*, финансиран од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија, 1998-2000 година;

– Варијабилност на морфолошките и квалитетните својства на популации од типот *капија* во Р. Македонија, финансиран од Министерството за образование на Р. Македонија, 2001-2003 година.

***Објавени научни и стручни трудови***

Во периодот од вработувањето како помлад асистент во 1988 година, па досега, кандидатката објавува 13 научно-стручни трудови и одбранети магистерска тема и докторска дисертација, вкупно 15. Сите објавени трудови се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 839 од 14 ноември 2003 година, во рефератот за избор во звање научен соработник на Институтот за јужни земјоделски култури во Струмица. Трудовите се објавени во годишни зборници 10 и зборници од стручни собири 3. По изборот во звање научен соработник, кандидатката не објавува нови трудови.

***Квантификација на научно-стручна активност***

Согласно со член 6, алинеја 3 и член 9 од Критериумите за избор во наставно-научни звања, врз основа на научноистражувачка (НИ) активност, кандидатката остварува поени врз основа на:

| | **поени** |
|---|---|
| - одбранет магистерски труд | **4** |
| - одбранета докторска дисертација | **8** |
| - учество во национални истражувачки проекти – 3 проекти (3 x 2) | **6** |
| - оригинални научни трудови објавени во годишни зборници со група автори (9 x 2) | **18** |
| - оригинални научни трудови – сам автор (2 x 1,3) | **2,6** |
| - презентирани трудови на научно-стручен собир (3 x 1) | **3** |
| **Вкупно поени** | **41,6** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката д-р Микица Чавдарова завршува Земјоделски факултет, насока Градинарство и цвеќарство, магистрира и докторира на Земјоделскиот факултет во Скопје, научна област градинарство.

Комисијата смета дека кандидатката **д-р Микица Чавдарова,** научен соработник, ги исполнува елементарните услови да биде избрана во звање **доцент** (еквивалентно на научен соработник) за наставно-научната област **градинарство и цвеќарство** и му предлага на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го разгледа рефератот за избор во звање и да донесе соодветна одлука.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Данаил Јанкуловски, с.р.**